**Година 2003, dekември , број 23**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ГОДИНА СТАРА, ГОДИНА НОВА

Уште една напорна година е зад нас.

Ја дочекувме Новата 2004 година со надеж и желби за натамошен напредок.

Да бидеме подготвени да ги вложиме сите неопходни напори во името на тоа.

## ПОЧИТ

Факултетот се прости од проф. д-р Владимир Павловски.

Неговите активности и елан долго ќе ги мотивираат сите вработени на факултетот.

## КОНКУРС

Универзитетската Агенција за Франкофонија распиша конкурс за речиси сите научни дисциплини на различни нивоа на високо образование. Стипендиите се наменети за студенти, постдипломци, докторанти и истражувачи од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и Универзитетот на Југоисточна Европа. Подетални информации кај продеканот за наука.

## СОРАБОТКА

Во рамките на "Буреау фор интернатионал ресеарцх анд технологѕ цооператион" од Австрија стартува програмата "Партнерсхип фор ресеарцх". Програмата нуди едно до две годишен престој во странсто, соработка на проекти и може да се види на следната веб страна: њњњ.бит.ац.ат/партнерсхип.

Подетални информации може да се добијат кај продеканот за наука.

## EURESCO КОНФЕРЕНЦИИ

EURESCO програмата (European Research Conferences) раководена од европската научна фондација (ESF), организира тематски конференции од најразлични области. Тие се отворени за сите истражувачи и научни работници и ќе се одржат во текот на 2004 година.

Детални информации околу нив, како и он-лине аплицирање е можно преку веб страната: http://www.esf.org/euresco

## ЧИТАЛНА

Читалната во библиотеката е реновирана и предадена во употреба. Сменет е подот, работните маси и столови, инсталацијата и осветлението. Во читалната се поставени 12 персонални компјутери за користење на интернет.

Компјутерите се набавени по пола со ЕТФ и студентите по посебен режим на употреба веќе масовно ги користат.



## КОНКУРС

На ден 3.12.2003 година во дневниот весник "Дневник" распишан е редовниот есенски конкурс за избор на наставници на Машинскиот Факултет во Скопје.

## НОВА КНИГА

Од печат излезе книгата "Транспортни уреди" од проф. д-р Јанко Јанчевски.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Во изминатиов период своите магистерски трудови ги одбранија:

- дипл.маш.инж. Христијан Мицкоски, помлад асистент на МФС на ден 12.12.2003
- дипл.маш.инж.Јован Цветковски на ден 17.12.2003

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## СЕМИНАР

Помеѓу 14 и 16.12.2003 на Машинскиот Факултет во Скопје се одржа ЕСТИЕМ семинар "Innovations - Competitive Advantage of Developing Countries". Учесници беа 40-тина студенти од МФС, студенти од Техничкиот Универзитет од Ајдховен, Холандија, Техничкиот факултет од Битола и Економскиот факултет од Скопје.

## СПОРТ

Екипата во мал фудбал на Машинскиот Факултет е прогласена за најдобра универзитетска спортска екипа. Прогласувањето се изврши на манифестацијата за избор на спортист на годината на Р. Македонија која се одржа во среда, 24.12.2003 во хотелот Континетал.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Атанаско Тунески, од 4 до 7.12.2003, со прифатен реферат, учествуваше на Втората Регионална Конференција за Инженерско Образование, што се одржа во Софија, Р. Бугарија
2. Проф. д-р Марко Срафимов, од 3 до 6.12.2003, со прифатен реферат, учествуваше на на 23 конгрес за КГХ, што се одржа во Белград, СЦГ.
3. Проф. д-р Милан Ќосевски од 3 до 8.12.2003, оствари службено патување во Гелзеркирхен, Германија, заради учество на состанокот за високите стручни школи по барање од Министерството за образование и наука на РМ и посета на ТУФ во Минхен, Германија со цел продолжување на активностите за координација на заедничката соработка.
4. Проф. д-р Јован Гочев и доц. д-р Валентино Стојковски, од 25.11 до 12.12.2003, во својство на стручни лица престојуваа во Кина заради нивно присуство на испитувањата на предтурбинскиот затварач на притисок на делот од машинската опрема наменета за ХЕЦ "Козјак".
5. Асс. д-р Ѓорѓи Аџиев, од 28.11 до 4.12.2003, оствари службено патување во Трир, Германија, со цел реализирање на започнатите актив-ности предвидени со Темпус проектот IB-JEP-16047-2001.
6. Доцент д-р Атанас Кочов, во својство на предавач, од 3 до 10.12.2003, престојуваше на Универзитетот во Вилдау, Германија.
7. Асс. м-р Ристо Филкоски, од 9 до 14.12.2003 учествуваше на 6-та меѓународна конференција "Истражувачки проблеми во енергетиката 2003", што се одржа во Варшава, Полска.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**25.12.2003**
**35 СЕДНИЦА НА ННС**

**30.12.2003**
**12 ЧАСОТ, МФС**
**СВЕЧЕН КОКТЕЛ ПО ПОВОД НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ**

**08.01.2004**
**ПРВ РАБОТЕН ДЕН ВО НОВАТА ГОДИНА**

**29.01.2004**
**36 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

*****

***СРЕЌНИ***
***НОВОГОДИШНИ***
***И***
***БОЖИЌНИ***
***ПРАЗНИЦИ***

*****

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***